Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 04-105/12
03.02 2020 год.
ВЕВЧАНИ

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници (Службен весник на Р.М. број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015 , 05/2016, 142/2016 и 11/2018), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен оглас (Службен весник на РМ, бр.11/2015), градоначалникот на општина Вевчани, донесе:

О Д Л У К А

за избор на кандидат за унапредување

1. Во врска со Интерниот оглас бр. 01/2020 за унапредување на административни службеници во општина Вевчани, објавен на ден 24.12.2020 год. на интернет страните на Агенција за администрација и Општина Вевчани, за работно место, со шифра **УПР 01 01 В04 000**- Помлад соработник за локален економски развој, Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој..... 1 извршител, СЕ ИЗБИРА кандидатот **МЕНКА КУКОСКА**.

2. Одлуката за избор на кандидат за унапредување се објавува на интернет страната на општина Вевчани.

Образложение

Во член 48, член 49 и член 50 од Законот за административни службеници (Службен весник на Р.М. број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015 , 05/2016, 142/2016 и 11/2018), предвидена е постапка за унапредување на администатративни службеници врз основа на објавен Интерен оглас.

Согласно Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен оглас (Службен весник на РМ, бр.11/2015), Општина Вевчани на својата интернет страна и на интернет страната на Агенција за администрација објави Интерен оглас за унапредување 01/2020 на ден 24.12.2020 год.

Врз основа на објавениот Интерен оглас 01/2020 за унапредување на административен службеник во општина Вевчани за работно место со шифра УПР 01 01 В04 000 - Помлад соработник за локален економски развој, Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој, со

Решение бр. 09-105/7 од 28.01.2020 год, формирана е Комисија за селекција за унапредување по Интерен оглас.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно Записникот за административна селекција на кандидати по интерен оглас, бр. 04-105/11 од 31.01.2020 год. и Записникот за спроведување на интервју бр. 04-105/10 од 31.01.2020 год. изготви Финална ранг листа за интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат бр. 04-105/10, за работно место Помлад соработник за локален економски развој со шифра УПР 01 01 В04 000 во Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници и предлогот на комисијата за избор на прворангиран кандидат, градоначалникот на Општина Вевчани одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

По конечноста на оваа одлука ќе се донесе Решение за унапредување и распоредување на работно место за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА ВЕВЧАНИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Сашо Јанкоски

Доставено до:
- ***Именуваниот***
- ***Одделение за човечки ресурси***
- ***Архива***